НУЛ – 01/2014

Број: 3813/14 од 22.12.2014 год.
Датум на примена: 01.01.2015

# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛЕТАЧКИ ПЕРСОНАЛ И ПАТНИЦИ ПРИ УПРАВУВАЊЕ И ВОЗЕЊЕ АВИОНИ И ДРУГИ ВОЗДУШНИ ЛЕТАЛА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

## ОПШТИ ОДРЕДБИ
### Член 1

(1) Овие Дополнителни услови за осигурување на летечки персонал и патници при управување и возење авиони и други воздушни летала од последици на несреќен случај (во понатамошниот текст: Дополнителни услови), се составен дел на договорот за осигурување на летачки персонал и патници при управување и возење авион и други воздушни летала од последици на несреќен случај (незгода), што договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со Сава осигурување а.д. Скопје (во понатамошниот текст: осигурувач).
(2) Договорувач на осигурување може да биде секое правно и физичко лице.
(3) Со овие Дополнителни услови се регулираат односите помеѓу договорувачот на осигурувањето и осигурувачот по договорените облици на осигурување за во случај на:

-смрт од последици на несреќен случај;

-траен губиток на општата работна способност (инвалидитет) од последици на несреќен случај;

-преодна неспособност за работа (дневен надомест),

## СПОСОБНОСТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
### Член 2

(1 ) Лицата што се осигуруваат според овие Дополнителни услови се осигурани без оглед на годините на старост, здравствената состојба и општата работна способност, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 10 став 1 точка 4 од Општите услови за осигурување лица од последици на несреќен случај (незгода).
(2) Според овие дополнителни услови осигурени се и душевно болните лица и лицата потполно лишени од деловна способност.

## ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ
### Член 3

(1) Осигурувачот е во обврска ако до несреќниот случај дојде при употреба на означениот воздухоплов или при онаа дејност во воздухопловство што во полисата изречно е означена.
(2) Осигурувачот е во обврска само спрема договорениот вид воздухопловна дејност означена во полисата и тоа:

1) за професионален летачки персонал и спортски летачи и лица што летаат од случај до случај: за време на летањето, при потребни манипулации пред летањето и по летањето, при влегувањето во воздухопловот и по излегувањето од него, при учество во спасување на воздухопловот и при учество во работа на комисијата за утврдување на причините за воздухопловните несреќи , на пат од зборното работно место (работилница, хангар, управна зграда) директно до местото што е одредено за обавување на должностите наведени во оваа точка и обратно;
2) за ученици на моторна пилотажа и воздушно едриличарство при теоретска и практична обука, како и на директен пат од работилницата или училиштето до аеродромот и назад;
3) за скокачи со падобран: за време на летањето со воздухопловот од кој имаат намера да искокнуваат, за време на скокањата и при доскокот, за време додека скокачите со падобран се наоѓаат на аеродромот на теоретска или практична настава по падобранство, на директен пат од зборното место до аеродромот и назад;
4) за патници: за време на возење со воздухопловот, при влегување и излегување од воздухопловот, при спасување за време на присилно спуштање на просторот на аеродромот што е одреден за патници.

## ОСИГУРУВАЊЕ СО И БЕЗ НАЗНАЧУВАЊЕ ИМИЊА И ОСИГУРУВАЊЕ СПОРЕД СЕДИШТЕТО
### Член 4

(1) Ако осигурувањето е договорено со назначување имиња на осигурениците, тоа се однесува на поименично наведените лица во полисата, за договорените осигурени суми и е врзано само за одреден вид на воздухоплов наведен во полисата.
(2) Ако осигурувањето е договорено за определен број пилоти, друг летачки персонал, ученици падобранци или патници без назначување на имињата, а при настанувањето на несреќен случај во воздухопловот се наоѓале повеќе лица од колку што се означени во полисата, осигурената сума што е договорена за одделен осигуреник, се намалува сразмерно со фактичкиот број на лицата што се наоѓале во воздухопловот во времето на настанувањето на несреќниот случај. Осигурувањето е секогаш и исклучиво врзано со воздухопловот означен во полисата.
(3) Ако е договорено осигурувањето според бројот на седиштата, тоа се однесува:

1) на секој управувач (пилот) што седи на седиштето определено за управувачот, ако осигурувањето е договорено за управувачот на воздухопловот;
2) на секој друг летач што седи на седиштето определено за летачи или патници, ако осигурувањето е договорено за летачите кои не се пилоти;
3) на секој патник кој седи на седиштето определено за патници, ако осигурувањето е договорено за патници;
4) на секој ученик на пилотажа, што седи на седиштето определено за пилот, летач или патник, ако е договорено осигурување за учениците на моторна пилотажа или безмоторно едриличарство.

(4) Осигурувањето според седиштата е врзано секогаш исклучиво за определено седиште во воздухопловот означен во полисата.
(5) Ако е договорено осигурување според седиштата и ако бројот на седиштата е поголем отколку што тоа е означено во полисата, осигурената сума што е означена во полисата за одделно седиште се намалува во соодност помеѓу фактичкиот број на седиштата во воздухопловот и бројот на седиштата означени во полисата.

## ОБЕМ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ
### Член 5

(1) Кога ќе настане несреќен случај, во смисла на овие Дополнителни услови, осигурувачот ги исплатува осигурените суми кои се договорени во договорот за осигурување.
(2) Кога ќе настапи смрт на осигурено лице помладо од 14 години осигурувачот е во обврска да ја исплати за трошоци за погреб договорената осигурана сума за случај на смрт, но најмногу

износот кој како максимален е утврден со Одлука на Одборот на директори на осигурувачот.

(3) Кога лицето кое претрпело несреќен случај е постаро од 75 години, осигурувачот е во обврска да исплати 50% од износот што инаку требало да го плати.

(4) Само ако е посебно договорено и платена дополнителна премија, осигурувачот е во обврска за несреќните случаи што ќе настанат:

1) при летањето во натпреварувања за постигнување на рекорди и при изведувањето акробации;
2) при опитните летања со воздухоплов од нов тип (прототип) и при опитни летања на нова сериска конструкција;
3) при скокањата од воздухопловот со падобран, освен ако скокањето е извршено заради спасување живот.

(5) Осигурувачот не е во обврска во никој случај за несреќните случаи што ќе настанат:

1) при летањето со воздухопловот кој нема пропишано уверение за пловидбеност;
2) при летањето со воздухоплов што било организирано, извршено, изменето или продолжено без знаење или против волјата на сопственикот на воздухопловот, освен во случаите на виша сила. Од ова се иземаат патниците и летачкиот персонал на кои не им биле познати овие факти.

**ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ**

**Член 6**

(1) На осигурувањата склучени по овие Дополнителни услови се применуваат и Општите услови за осигурување лица од последици на несреќен случај (незгода), доколку не се во спротивност со овие Дополнителни услови .

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 7**

(1) Овие Дополнителни Услови влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се применуваат од 01.01.2015 година, со што престануваат да важат Дополнителните услови за осигурување на летечки персонал и патници при управување и возење авиони и други воздушни летала од последици на несреќен случај (незгода) донесени од страна на Одборот на директори од 18.07.2002 година.

***САВА осигурување, а.д. Скопје***
***Одбор на директори***
***Претседател***
***Рок Мољк***